Република Македонија
Општина Новаци
Бр. 11-37/5
08.02.2016 год
Новаци

Врз основа на чл. 69 од Законот за животна средина („Службен весник на РМ" бр.53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012,93/2013, 187/2013, 42/2014 ) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на РМ" бр.147/08) Градоначалникот на Општина Новаци

**О Р Г А Н И З И Р А**

1. ***ЈАВЕН УВИД И ЈАВНА РАСПРАВА*** **по Нацрт-Извештај за стратегиска оцена на животна средина ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини на дел од КП бр. 1372, 1750 и 2109 во КО Будимирци , Општина Новаци**

2. Се информира јавноста дека е ставен на увид Нацрт-Извештај за стратегиска оцена на животна средина ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини на дел од КП бр. 1372, 1750 и 2109 во КО Будимирци , Општина Новаци

3. Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ќе биде изложен во општина Новаци - Одделение за комунални дејности, сообраќај , урбанизам, заштита на животната средина и локален економски развој при Општина Новаци , секој работен ден од 8,00 до 15,00 часот, почнувајќи **од 11.02.2016год до 11.03.2016год.** Исто така, Извештајот за стратегиска оцена на животната средина е ставен на веб-страната на Општина Новаци : www.opstinanovaci.gov.mk

4. Заинтересираната јавност, правните и физичките лица, во текот на 30 дена од денот на објавувањето на споменатите документи, можат да доставуваат мислења во врска со Извештајот за стратегиска оцена на животната средина и тоа во писмена форма до архивата на Општина Новаци.

1. **ЈАВНАТА РАСПРАВА** на Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина **на ЛУПД за изградба на ловен дом со пратечки содржини на дел од КП бр. 1372, 1750 и 2109 во КО Будимирци , Општина Новаци** ќе се одржи на **26.02.2016 година во 12 часот,** во Салата за седници на Советот на општината Новаци.

2. Сите заинтересирани страни поканети се да учествуваат на јавната расправа и да го дадат своето мислење, забелешки и предлози во врска со Извештајот до Општината Новаци.

**ОПШТИНА НОВАЦИ**
**Градоначалник**
**Лазар Котевски**